# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 6, година XLVI**
**Вторник, 02.06.2015**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2015 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2015 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.05.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-673/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 27.05.2015 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2015 година

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-419/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.05.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2015 година

1. Ја објавувам Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.05.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-673/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2005, 2008) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 27.05.2015 година, донесе

# О Д Л У К А
## за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2015 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Битола за 2015 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на Потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните <u>потставки:</u>** | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 Блок дотации на Општината по одделни намени | 0 | 21.334.667 | 0 | 0 |
| | 0 | 21.334.667 | 0 | 0 |
| **К30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 793.971 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 1.053.907 | 0 | 0 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 0 | 57.319 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 424230 Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 0 | 46.303 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 2.900.000 | 0 | 0 |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 1.134.788 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 2.857.547 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 424230 Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 0 | 5.000.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 518.396 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 338.911 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 3.729.810 | 0 | 0 |
| **V 20 ДОМОВИ ЗА СТАРИ** | | | | |
| 421240 Течни горива | 0 | 703.715 | 0 | 0 |
| | 0 | 21.334.667 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2015 година.

Бр.09-419/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.05.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за реализација на проектот „Употреба и одржување на доводен цевковод за с. Лавци“ Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за реализација на проектот „Употреба и одржување на доводен цевковод за с. Лавци“ Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.05.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-673/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 05/02) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.05.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за реализација на проектот „Употреба и одржување на доводен цевковод за с. Лавци“ Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува дека проектот **„Употреба и одржување на доводен цевковод за с. Лавци“** е приоритет за општина Битола и истиот е вклучен во стратешките документи на општината (Годишна програма за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици на Општина Битола за 2015 г.). За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Битола да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој општината може да поднесе барања за финансиска поддршка во максимална вредност од 120.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува **2.634.480,30 денари**, еквивалент на **42.491,60 евра** (четириесет и две илјади четиристотини деведесет и едно евро и шеесет центи). Проценетата вредност на објектот е пресметана без ДДВ. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со остатокот од ИПА алокацијата за општина Битола во износ од **34.533,80 евра**, додека останатите средства во износ од **7.957,80 евра,** односно сите средства неопходни за целосна реализација на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Битола за 2015 г.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-419/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.05.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката (За еднократен отпис на камата за даночни/таксени обврзници во Општината Битола)

1. Ја објавувам Одлуката (За еднократен отпис на камата за даночни/таксени обврзници во Општината Битола), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.05.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-673/4
02.06.2015 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола'' бр. 10/05, 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.05.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## (За еднократен отпис на камата за даночни/таксени обврзници во Општината Битола)

### Член 1

Се врши отпис на камата за задоцнето плаќање по основ на данок на имот и комунална такса за назив/име на деловните простории, за сите правни и физички лица, даночни/таксени обврзници на Општина Битола, кои што, заклучно со 31.12.2015 година ќе го измират доспеаниот главен долг по наведените основи на задолжување.

### Член 2

Враќање на повеќе уплатен данок или камата на данок ќе се врши согласно член 83 од Законот за даноците на имот.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-419/6
27.05.2015 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член-претставник од Општина Битола во Управниот одбор на Јавната Општинска установа Детска градинка ,,Мајски Цвет" Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член-претставник од Општина Битола во Управниот одбор на Јавната Општинска установа Детска градинка „Мајски Цвет" Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.05.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-673/5
02.06.2015 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 114 став 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр.23/13...бр.25/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.05.2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член-претставник од Општина Битола во Управниот одбор на Јавната Општинска установа Детска градинка „Мајски Цвет" Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА лицето Благоја Котески, ВСС-дипломиран машински инжинер, ул. „Скоевска" бр. 92 од Битола, член-претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет" Битола.

2. СЕ ИМЕНУВА лицето Лила Каранфиловска, наставник во ОУ „Д-р Трифун Пановски“, како член-претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-419/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.05.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.05.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-673/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 412-414 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр. 54/07...27/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.05.2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВААТ лицата Зоран Јошевски и Кристи Бомбол од членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Битола.

2. СЕ ИМЕНУВААТ лицата Верица Данчевска, професор на Технички Факултет-Битола-Претседател и Дејан Цветаноски - член во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Битола за време од 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-419/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.05.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2015 година ........................................................................ 1

О Д Л У К А за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2015 година............................ 2

О Д Л У К А за реализација на проектот „Употреба и одржување на доводен цевковод за с. Лавци“ Општина Битола ............................... 3

О Д Л У К А (За еднократен отпис на камата за даночни/таксени обврзници во Општината Битола)...................................................................... 4

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член-претставник од Општина Битола во Управниот одбор на Јавната Општинска установа Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола...................................................................... 4

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Битола...................................................................... 5

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211